Бр.0401-4403/ 18
Од 31.12.2025година

Министерство за Правда
КПУ Затвор Скопје - Скопје

Индира Ганди Бр 11
1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Тел. (02) 2 650 546
(02) 2 650 547
Фах. (02) 2 650 549

Сајт:www.kpuzatvorskopje.gov.mk
E-Mail:
Kpu.Skopje@jutice.gov.mk
direktor.zatvor@gmail.com

Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

**КПУ Затвор Скопје - Скопје**

Директорот на КПУ ЗАТВОР СКОПЈЕ Скопје врз основа на член 45 од Законот за административни службеници ("Службен весник на РМ" бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16 142/16 и 11/18 и "Службен весник на РСМ" бр.275/19, 14/20,215/21, 99/22 , 208/24 и 144/25), член 31 од Законот за извршување на санкциите ("Службен весник на РСМ" бр.99/19 220/19, 236/22 и 74/24), а во врска со објавениот јавен оглас за вработување во КПУ ЗАТВОР СКОПЈЕ Скопје со број на Агенцијата за администрација 1069/2025 и доставената конечна ранг листа на кандидати и Предлог за вработување на кандидати бр.10-2183/16 од 31.12.2025 година од Комисијата за селекција за вработување при Агенцијата за администрација, на ден 31.12.2025 година донесе:

**О Д Л У К А**

*за избор на кандидат по објавен јавен оглас за вработување на административен службеник на неопределено време*

1.По јавен оглас за вработување на административен службеник со број на Агенцијата за администрација 1069/2025 објавен на ден 27.11.2025година во дневните весници „Нова Македонија" , „Вечер" и „Коха", како и на веб страната на Агенцијата за администрација, за работно место под реден број 1 (еден) Помлад соработник за реализација на социјални потреби на осудени лица-Одделение за третман Сектор за ресоцијализација со шифра на работно место УПР0101В04000-1(еден извршител), се избира кандидатот **Јулијана Рајковска** со идентификациски код 3C7ED00.
2.По завршувањето на постапката за избор и конечноста на оваа Одлука ќе се донесе соодветно Решение за вработување на избраниот кандидат.
3.Оваа Одлука стапува на сила со денот на донесувањето кога и ќе се објави на интернет страницата и огласната табла на Агенцијата за администарција.

**О б р а з л о ж е н и е**

По добиено известување за добиено известување за обезбедени финансиски средства од Министерство за финансии бр.19-5821/2 од 23.07.2025 година, Агенцијата за администрација на својата интернет страница и во дневните весници „Нова Македонија", „Вечер" и „Коха", објави јавен оглас број 1069/2025 за пополнување на работно место Помлад соработник за реализација на социјални потреби на осудени лица.
По спроведениот оглас бр.1069/2025 спроведена е постапка за административна селекција за која е составен Записник бр.10-2183/12 од 12.12.2025година, додека Комисијата за селекција за вработување по Јавен оглас спроведе постапка за полагање на испит и состави Записник од спроведениот испит за административен службеник бр. 10-2183/14 од 24.12.2025година, потоа спроведе проверка на веродостојноста на доказите и по одржаното интервју се состави Записник бр. 10-2183/16 од 29.12.2025година.
Врз основа на резултатите од сите фази на селекција до Директорот на КПУ ЗАТВОР СКОПЈЕ Скопје беше доставена Конечна ранг листа на кандидатите и Предлог за вработување на кандидати бр.10-2183/16 од 31.12.2025 година, согласно кој за работното место УПР0101В04000 Помлад соработник за реализација на социјални потреби на осудени лица-Одделение за третман Сектор за ресоцијализација,со вкупен број на освоени бодови во сите фази на селекција 69.42 се предлага за вработување лицето – **Јулијана Рајковска** со идентификациски код 3C7ED00.
Врз основа на горенаведеното, Директорот на КПУ ЗАТВОР СКОПЈЕ Скопје изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука може да се изјави жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на нејзиното објавување на веб-страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

**Д и р е к т о р**
**на КПУ ЗАТВОР СКОПЈЕ Скопје**
Бобан Утковски

Република Северна Македонија
Министерство за правда
КПУ Затвор Скопје - Скопје

Бр.0401-4403/19
Од 31.12.2025година

Министерство за Правда
КПУ Затвор Скопје - Скопје

Индира Ганди Бр 11
1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Тел. (02) 2 650 546
(02) 2 650 547
Фах. (02) 2 650 549

Сајт:www.kpuzatvorskopje.gov.mk
E-Mail:
Kpu.Skopje@justice.gov.mk
direktor.zatvor@gmail.com

Директорот на КПУ ЗАТВОР СКОПЈЕ Скопје врз основа на член 45 од Законот за административни службеници ("Службен весник на РМ" бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и "Службен весник на РСМ" бр.275/19, 14/20,215/21, 99/22 , 208/24 и 144/25), член 31 од Законот за извршување на санкциите ("Службен весник на РСМ" бр.99/19 220/19, 236/22 и 74/24), а во врска со објавениот јавен оглас за вработување во КПУ ЗАТВОР СКОПЈЕ Скопје со број на Агенцијата за администрација 1069/2025 и доставената конечна ранг листа на кандидати и Предлог за вработување на кандидати бр.10-2183/16 од 31.12.2025 година од Комисијата за селекција за вработување при Агенцијата за администрација, на ден 31.12.2025 година донесе:

# О Д Л У К А

## за невршење на избор на кандидат по објавен јавен оглас за вработување на административен службеник на неопределно време

1.**НЕ СЕ ВРШИ ИЗБОР** на кандидат за работно место под реден бр.2 Помлад соработник Сметководител во Одделение за буџет,сметководство и плаќање, Сектор за финансии - со шифра на работно место УПР0101В04000-1(еден извршител) и работно место реден бр.3 Помлад соработник за општи и правни работи- Одделение за општи и правни работи,Сектор за општи и правни работи со шифра на работно место УПР0101В04000-1(еден извршител), по објавениот јавен оглас за вработување на административен службеник во КПУ ЗАТВОР СКОПЈЕ Скопје на ден 27.11.2025 година во дневните весници „Нова Македонија", „Вечер" и „Коха", како и на веб страната на Агенцијата за администрација, со број на Агенцијата за администарција 1069/2025.

2.Оваа Одлука стапува на сила со денот на донесувањето кога и ќе се објави на интернет страницата и огласната табла на Агенцијата за администарција.

## О б р а з л о ж е н и е

По барање на КПУ ЗАТВОР СКОПЈЕ Скопје, Агенцијата за администрација на ден 27.11.2025 година на својата интернет страница и во дневните весници „Нова Македонија", „Вечер" и „Коха", објави јавен оглас број 1069/2025 за пополнување на 3 работни места и тоа : за работно место под реден број 1.Помлад соработник за реализација на социјални потреби на осудени лица-Одделение за третман Сектор за ресоцијализација со шифра на работно место УПР0101В04000-1(еден извршител), за работно место под реден бр.2 Помлад соработник Сметководител во Одделение за буџет,сметководство и плаќање, Сектор за финансии - со шифра на работно место УПР0101В04000-1(еден извршител) и работно место реден бр.3 Помлад соработник за општи и правни работи,Одделение за општи и правни работи,Сектор за општи и правни работи - со шифра на работно место УПР0101В04000-1(еден извршител).

По спроведениот оглас бр.1069/2025 спроведена е постапка за административна селекција за која е составен Записник бр.10-2183/12 од 12.12.2025година, додека Комисијата за селекција за вработување по Јавен оглас спроведе постапка за полагање на испит и состави Записник од спроведениот испит за административен службеник бр. 10-2183/14 од 24.12.2025година, потоа спроведе проверка на веродостојноста на доказите и по одржаното интервју се состави Записник бр. 10-2183/15 од 29.12.2025година.

Врз основа на резултатите од сите фази на селекција до Директорот на КПУ ЗАТВОР СКОПЈЕ Скопје беше доставена Конечна ранг листа на кандидатите и Предлог за вработување на кандидати број 10-2183/16 од 31.12.2025година, согласно кој за работно место под реден бр.2 Помлад соработник Сметководител во Одделение за буџет,сметководство и плаќање, Сектор за финансии - со шифра на работно место УПР0101В04000-1(еден извршител) и работно место реден бр.3 Помлад соработник за општи и правни работи- Одделение за општи и правни работи,Сектор за општи и правни работи со шифра на работно место УПР0101В04000-1(еден извршител) нема кандидат кој се квалификува за вработување.

Поради горе наведеново Директорот на КПУ ЗАТВОР СКОПЈЕ Скопје се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа Одлука може да се изјави жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на нејзиното објавување на веб-страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

**Д и р е к т о р**
на КПУ ЗАТВОР СКОПЈЕ Скопје
Бобан Утковски